Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1141/2021

Дата....13-08-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Чучер Сандево, се издаваат Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП бр. 2846 и 2845 во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.

Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма зафаќа површина од 0,77 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. Y03921 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изградба на објекти со намена отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план на Република Македонија е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I – IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. Предметниот опфат на објектите во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево се наоѓа во третата заштитна зона на бунарите Нерези Лепенец. Со "Одлука за утврдување на границите на заштитните зони на бунарското подрачје Нерези - Лепенец" (Сл.гласник бр.14/99) во третата заштитна зона се забранува: експлоатација на шљунљк, песок и камен; директно испуштање на отпадни води во отворени водотеци; депонирање и исфрлање на отпадни материи и смет; испуштање масла, киселини и други штетни, опасни и радиоактивни материи.

6. Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на спортски аеродром Стенковец кој спаѓа во секундарната аеродромска мрежа.

7. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на објекти со намена отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

8. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Чучер Сандево, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), со постапка бр. 34410 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот **за изградба на објекти со намена отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП бр. 2846 и 2845 во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.** Површината на планскиот опфат изнесува 0,77 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на објекти со намена отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1141/2021 од 09.08.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изградба на објекти со намена отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока во


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП бр. 2846 и 2845 во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево,** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk